30. Проект **Истражување со изработка на документација со заштитен карактер - археолошка топографија на старите градови и тврдини на Република Македонија 2012** (ЦАИ Скопје, ГД 29-8349/1, 26.03.2012 год.; дозвола УЗКН бр. 08-196, 30. 08. 2012 год.); **2013** (Министерство за култура на РМ, Решение бр. 28-589, 24.01.2013 год., ГД бр. 28-4803/1, 20.03.2013 год.; Дозвола УЗКН бр. 08-268, 25.04.2013 год.).

31. Проект **Заштитни археолошки истражувања на Комплексот археолошки локалитети: Висока с. Крушевица и Старо Бонче кај село Бонче, 2013,** ФЗФ Скопје (поддршка од Министерството за култура ГД бр. 28-4305/1 од 20. 03. 2013 год.).

32. Проект **Дебрца – археолошка топографија на старите градови и тврдини 2018**, Филозофски факултет Скопје, септември 2018 год., финансиран од страна на општината Дебрца.

**Координатор во реализацијата на категоријата капитални проекти на Владата на Република Македонија, во својство директор на УЗКН во периодот од 2013-1017 година и други активности, поврзани со истражувањата, заштитата и презентацијата на културното и археолошкото наследство на Република Македонија**

1. Проект Археолошки катастар на Република Македонија & Катастар на културното наследство на Република Македонија. Иницијатор на Проектот со реализирани фази: фаза имплементирање на Археолошкиот катастар како законска обврска на Управата за заштита на културното наследство во Законот за заштита на културното наследство (Чл. 34/ Став 5: Централната евиденција, археолошкиот катастар и посебните евиденции, согласно ратификуваните меѓународни договори ги води Управата); фаза подготовка (контакти со стручните лица на Агенцијата за катастар на недвижности; консултативни и истражувачки патувања и средби со претставниците на одделите за заштита на културните наследства од министерствата за култура на Бугарија, Хрватска, Словенија); фаза распишување меѓународен тендер и изработка на физибилити студија за оформување „Развој на студија за воспоставување на катастар на културното наследство на Република Македонија“ (фирмата ИГЕА МАК д.о.о.) и фаза на реализација на Проектот Археолошки катастар на старите градови и тврдини во Република Македонија (2015, 2016 Археолошки музеј на Македонија; 2017 Филозофски факултет Скопје).

2. Координатор на активностите околу реализацијата на владиниот капитален проект: Археолошки катастар / топографија на старите градови и тврдини во Република Македонија (2015-2017), во чии рамки беа посетени голем број стари градови и тврдини и беше изработена основна документација со заштитен карактер, хоризонтални планиметрии, фотографии, при што голем дел од нив беа комбинирани со вертикални планови и доведени до финална геореференцирана форма.

3. Координатор на активностите околу реализацијата на проектот Публикации на најзначајните вредности на културното и природното наследство на Република Македонија (публикувани 20 монографии).

4. Координатор на активностите околу реализацијата на владиниот капитален проект: Археолошки локалитети, систематски археолошки истражувања на локалитетите: Скопската тврдина Кале – довршување на конзерваторско-реставраторските работи на ревитализација на Калето; Стибера; Билазора, с. Кнежје, Свети Николе; Пелагонија – Бонче и Крушевица Долниот град на Старо Бонче и Акрополата на Висока, Крушевица; Хераклеја Линкестидска; Баргала, Цареви Кули, Струмица; Кулиште Свети Размо, Охрид; Градиште на Пчиња, Младо Наго-

ричане, агријански град; Градиште с. Таор, Велешко Кале, Трескавец; Аргачи-Криви Дол, Штипско; Долиште Прилепец; Долината на Кралевите Брегалница помеѓу Штип и Уланци; Кале Локвени; Градиште Горнополско Велмеј, рановизантиски град, Китино Кале, Кичево, Кокино; некрополата на античкиот град Брианион кај с. Граиште, Демирхисарско; Грамаѓе, Барово, Демир Капија; Орлов Камен Мал Сурун, Горно Село Прилепско, град Стена - Клисурско Маало, Демир Капија и други.

5. Координатор на активностите околу реализацијата на владиниот капитален проект: Археолошко-туристички проект – Старите градови и тврдини на европската магистрала во Македонија, со локалитетите: Маркови Кули Водно Кисела Вода; Стоби кај Градско; Маркова Кула село Корешница – Демир Капија; Исар кај с. Марвинци.

6. Координатор на активностите околу реализацијата на владиниот капитален проект: Античкото кралство Македонија во Република Македонија (2016, 1017 год.).

7. Координатор на активностите околу реализацијата на археолошко-архитектонски Проект: Кратово

8. Презентации на македонското културно наследство на реномирани меѓународни собири и саеми во странство: Лондон, Велика Британија; Лувр - Париз, Франција; Лисабон, Португалија; Малага - Торемолинос, Шпанија; Санкт Петерсбург, Руска Федерација; Токио, Јапонија; Њујорк, САД; Пестум, Салерно, Италија и организатор на презентацијата во Пекинг, Кина, во периодот од 2013-2017 год..

9. Претставник на УЗКН, заедно со госпоѓа Лидија Топузова, генерален секретар на националната комисија на УНЕСКО, на X Седница на меѓувладиниот Комитет на УНЕСКО-вата Конвенција за заштита на нематеријалното културно наследство на човештвото, Виндхук, Намибија, 30. 11. – 05. 12. 2015 год., каде е впишано Гласоечкото машко двогласно пеење од Долни Полог, Тетовско, во листата на УНЕСКО.

10. Иницијатор за оформување на првата Национална стратегија за заштита и користење на културното наследство (2017-2022 год.).

11. Координатор на активностите околу реализацијата на Проектот Истражувања, заштита, конзервација, реставрација, реконструкција и презентација на античкиот театар во Скупи, 2013-2017 год.

12. Набавувач на опрема за геоскенирање георадар од фирмата МАЛА, Шведска, предаден на трајно користење на Археолошкиот музеј на Македонија, како и друга дигитална опрема за документирање на културното и археолошко наследство преку УЗКН: дрон, фотоапарат, рото-скенер и друга опрема.

13. Координатор на активностите околу реализацијата на проектот „Изградба на Светиклиментовиот Универзитет на Плаошник во Охрид“ за периодот 2013-2017 год.

14. Координатор на активностите околу реализацијата на проектот „Изградба на реконструкција на манастирскиот комплекс „Свето Преображение“ во с. Зрзе“ за периодот од 2013-2017 год.

15. Идеен иницијатор на Проектот за истражување, реконструкција и презентација на тврдината Маркова Кула, Корешница со осветлување на локалитетот и поставување јарбол со знамето на Република Македонија, доделен на Археолошки музеј на Македонија, 2016-2017 год.

16. Координатор на активностите околу донесувањето акт за прогласување на античкиот град Скупи во Скопје за културно наследство од особено значење.

17. Средби со голем број лица од странство со кои е разговарано околу проблемите на откривањето и заштитата на културното наследство (проф. д-р Ахим Арбајтер, Универзитет Гетинген, Германија; проф. д-р Каролин Су Снајвли, Гетисбург Колец, САД; доц. д-р Михаило Поповиќ, Австриска академија на науките и уметностите, Виена, Австрија, Историска географија; д-р Пол Робертс, програмски директор Ашмолеан музеј, Велика Британија; д-р Гордана Грабеж, Народни музеј Београд, Србија; д-р Иван Радман Ливаја, Археолошки музеј Загреб, Хрватска; д-р Теа Перинчиќ, директор, Повјесни музеј Ријека; д-р Дарко Комшо, директор, Археолошки музеј Пула; г-н Фатих Генел, кајмакам на градот Бига на Граник, Турција; г-ѓа Димитријка Добрева Ангелова, директор на Главната дирекција за заштита на недвижното и движното културно наследство при Министерството за култура на Р. Бугарија; г-н Зоран Вивег, Одделение за заштита на културното наследство при Министерството за култура на Р. Хрватска; д-р Гоган Скелац, ГЕОАРХЕО Загреб, Р. Хрватска; проф д-р Митја Гуштин, Универзитет за Медитеранското културно наследство; г-ѓа Ксенија Ковачевич Наглич, раководител на Документациски центар за културно наследство во рамките на Дирекцијата за заштита на културното наследство при Министерството за култура на Р. Словенија; г-н Гашпер Рутар од Центарот за заштита на културното наследство на Р. Словенија; м-р Барбара Равник, директор на Народниот музеј, Љубљана, Р. Словенија; д-р Петер Турк, кустос за предисторија, Народен музеј, Љубљана, Р. Словенија; проф д-р Драган Божич, Археолошки институт, Р. Словенија; д-р Славко Цигленечки ЗРЦ САЗУ, Р. Словенија; д-р Драгана Младеновиќ, Одделение за археологија на Универзитетот Саутемптон, Велика Британија; д-р Бен Расел од Универзитетот во Единбург, Велика Британија; проф. д-р Филип Ниводнер, Универзитет Оксфорд; проф. д-р Ине Џејкобс од Универзитетот во Оксфорд, Велика Британија; проф. д-р Ендрју Вилсон од Универзитетот во Оксфорд, Велика Британија и други.

18. Учество на Меѓународниот колоквиум и тркалезна маса за културното наследство, програма на УНЕСКО, посветено на 70-годишнината од основањето на УНЕСКО, Софија и Хасково, Република Бугарија, 10-12. 11. 2015 год., на тема „Презентација на најновите техники и методи за заштитата на културното наследство“.

**Учество во научни и други собири за археологијата и културното наследство**

1. 22-23. 04. 1977 год., Титов Велес, III симпозиум на Археолошкото друштво на Република Македонија. Со темата: „Известување од истражувањата на доцноантичката тврдина кај Горно Нерези“.

2. 10. 04. 1980 год., Скопје, VII симпозиум на Археолошкото друштво на Република Македонија. Со темата: „Траги на ранохристијански базилики во Скопско“ (коавтор на рефератот на проф. д-р И. Микулчиќ).

3. 25-26. 11. 1981 год., Битола, VIII симпозиум на Археолошкото друштво на Република Македонија со темата: „Доцноантичка гробница под свод кај скопското село Орман“.

4. 10-11. 10. 1984 год., Нови Сад, XII конгрес на Сојузот на археолошките здруженија на СФРЈ, со темата „Средновековната тврдина Марков Град кај скопското село Матка“.

5. 02-04. 10. 1987 год., Охрид. Симпозиум на античката секција на САДЈ со темата „Ранохристијански базилики во Средното Повардарје“.

6. 20-22. 11. 1987 год., Струмица, XI симпозиум на Археолошкото друштво на Република Македонија со темата: „Истражувања на надгробните споменици во Средното Повардарје од периодот на Раното Римско Царство“.

7. Скопје, МАНУ, Епохата на императорот Јустинија во Република Македонија, ЦАИ Скопје и МАНУ Скопје, 04. 07. 2001 год., со темата: „Exagia solidi од Република Македонија“.

7. 01-04. 10. 2002 год., Сандански, Бугарија, Меѓународен симпозиум по повод 2075 години од востанието на Спартак, Тparticular-римско наследство и 2000 христијанство, со темата: „The Gates to Paradise on the Early Christian architectural Stone Elements in the Republic of Macedonia“.

8. 10. 2002 год., Крагујевац, Србија, симпозиум, посветен на академик Драгослав Срејовиќ, со темата: „Доцноантички утврдувања во Западна Македонија“.

9. 03-05. 06. 2003 год., Ниш, II меѓународен научен собир Ниш и Византија, со темата: „Рановизантиски кастели и гратчиња на север во Скопско-Кумановскиот регион“.

2004 год., Гевгелија, Симпозиум на Македонското археолошко научно друштво.

10. 25-28. 10. 2006 год., Делчево, XIX Симпозиум на Македонското археолошко научно друштво. Тема: „Обид за убикација на градот Пелагонија“.

11. 2008 год., Кичево, Симпозиум на Македонското археолошко научно друштво, со темите: 1) „Нови моменти околу убикацијата на градот Пелагонија“; 2) „Три рано македонски тврдини кај Демир Капија“.

12. Симпозиум Мариовско – Мегленски културни релации, Прилеп, Институт за старословенска култура, Прилеп, Салида Прилеп, тема: „Античкиот град на Висока и околните тврдини“.

13. International conference Via Egnatia, Bitola, February 2009, Hotel Molika, организатор Via Egnatia Foundation, со темата: „Via Egnatia in the Republic of Macedonia“.

14. International conference Aeternitas antiquitatis (proceedings), организатори: Association of Classical Philologists ANTIKA & Faculty of Philosophy in Skopje, со темата: „The Line of Via Egnatia and the Roadside Ancient Fortresses in the Republic of Macedonia“.

15. 17-20. 10. 2012 год., XXIII симпозиум на МАНД, Дојран, со темата: „Обид за реконструкција на патот на Александар Македонски, 335 г.п.н.е. низ Република Македонија“.

16. Меѓународна конференција на БАХА (Balkan Alliance of Hotel Associations), Софија 12. 02. 2015 год. Дискусија на тркалезна маса.

17. Научна трибина на 01.04. 2011 година во Скопје по повод 90 години од смртта, 146 години од раѓањето на револуционерот Ѓорче Петров и 95 години од формирањето на населбата Ѓорче Петров, во организација на ИНИ & Општина Ѓорче Петров, учество со реферат-презентација на тема: „Ѓорче Петров, прв Македонец – археолог“.

18. International conference: Professor Fanula Papazoglu Centenary Symposium, Белград 17-18. 10. 2017 год., со темата: „Fanula Papazoglu’s Research and the City of Pelagonia in the Light of recent Discoveries“.

19. Меѓународен симпозиум Денови на Јустинијан I, Скопје 11-12. 11. 2016 год. Учество со темата: „Јустинијановиот оптички телеграф низ Република Македонија“.

20. Меѓународен симпозиум Денови на Јустинијан I, Скопје, 16-19. 11. 2017 год. Учество со коавторот Игор Ширтовски, со темата: „Контрола на западните влезови во Скопско во времето на Јустинијан I“.

21. Меѓународен научен собир: Биогеографска целина Маркови Кули, Прилеп, 20-21. 09. 2018 год., со темата: „Маркови Кули, Варош, алка во рановизантискиот оптички телеграф помеѓу Пелагонија и Средното Повардарје".

22. Прва национална конференција за византологија и медиевистика: Самоилова држава – 1000 години потоа, Охрид, Конгресен центар на УКИМ, 25-26. 10. 2018 год., како коавтор на Роберт Михајловски со темата: „Моливдовулот на византискиот император Михаил VIII Палеолог од тврдината Горно Градиште, село Долно Градче, кај Кочани".

**Организатор на научен собир за археологијата и културното наследство**

1. Скопје, МАНУ, Епохата на императорот Јустинијан во Република Македонија, ЦАИ, Скопје (проф. д-р В.Л.А.) и МАНУ, Скопје (академик проф. д-р Блага Алексова), 04. 07. 2001 год., 17 учесници.

**Документарни телевизиски емисии од областа на археологијата**

1. Документарна емисија Алтернативна археологија, МРТВ, 2000 година, стручен водител заедно со Оливер Бранковиќ.

2. Документарна телевизиска емисија Северозападни крстопати, МРТВ, 10-15. 06. 1996 год., стручен водител заедно со Љубомир Бошковски, дипл. историчар на уметност и археолог.

3. Две документарни телевизиски емисии, ТВ Сонце, Скопје 2010 година, на темите: античките градови Пелагонија и Линк.

4. Пет документарни телевизиски емисии во рамките на серијалот Археолошка авантура –Еригонскиот пат, АЛФА ТВ Скопје, промотивно емитирање во јануари 2015 година. Учесник во организацијата, планирањето, водич и интерпретатор на археолошките локалитети, географијата и историски споменатите градови, реки, планини и собитија.

**Визитинг професор и предавања на археолошки школи, кампови и слично**

1. Универзитет на Стокхолм, Шведска, март 2004 год. Две предавања на темите: - Рановизантиски градови и тврдини во Скопско; - Доцноантички тврдини во Западна Македонија.

2. Белградски Универзитет, Филозофски факултет, Оддел за археологија, 2006, тема: - Доцната антика во Западна Македонија.

3. Интернационален студентски археолошки камп Амфакситида, кампања Глос 2006, на 21.06.2006 год., на тема Античкиот град Пелагонија.

4. Römisch-Germanische Kommission des Deutschen Archäologischen Instituts, Frankfurt am Main, 4-29. 09. 2006 год., едно предавање на тема „Обид за убикација на античкиот град Пелагонија“.

5. Раководител и предавач на Археолошката секција во рамките на Летната Демирхисарска школа, 07-14. 07. 2017 год.; 07-14. 07. 2018 год.. Со серија предавања на теми од античката археологија на Република Македонија и Демирхисарскиот крај.

### Медиумска и едукативна активност

1. Виктор Лилчиќ Адамс, низ годините, паралелно со активниот теренски и кабинетски истражувачки живот, посветуваше посебно внимание на преточувањето и интерпретацијата на научните информации од археологијата пред поширокaта јавност. Тој цврсто порачува дека одговорите на нашите актуелни проблеми се наоѓаат во нашето сопствено минато и дека ако внимателно го проучуваме човечкиот развој низ предисторијата, антиката и средниот век, секако дека ќе ги воочиме причините за подемите и падовите на древните култури и цивилизации. Некои од пораките, пренесени преку пишуваните медиуми, видете ги во неговата Библиографија (броевите: 127, 140-144 и 148).

2. Виктор Л. Адамс одржал голем број едукативни предавања во основните и во средните училишта, пред разни групи на граѓани ширум Република Македонија по градовите и селата (училиштата Орце Николов, Скопје, Јосип Броз Тито, Скопје, Раде Јовчевски Корчагин, во Црнобуки, Подмол, во општините на Неготино, Кавадарци итн.)

3. Како асистент, доцент, вонреден професор и редовен професор организирал голем број теренски студиски екскурзии со предавања на теренот ширум Република Македонија во периодот од 1988 година до денес.

4. Во рамките на Скопје Summer Stage – на отворената летна сцена на платото пред Универзалната сала во Скопје, во јули и август 2011 година, одржал четири јавни предавања на темите: - Потрагата по исчезнатиот град; - Раноантички македонски тврдини кај Демир Капија; – Античкото кралство Македонија, експанзијата на Аргеадите; и Експанзијата на Антигонидите.

### Основач на издавачко претпријатие од обласста на културата и на археологијата

Основач на книгоиздателството Македонска Цивилизација, на 01. 01. 1994 год., со коиздавач Јелена Маневска Лилчиќ. Активно до 2014 година.

**Основач и главен уредник на Македонско наследство / Macedonian Heritage**

Основач на двојазичното списание Македонско наследство/Macedonian Heritage, уредник и член на меѓународниот борд на двојазичното списание од областа на археологијата, историјата на уметност, историја и етнологија. Активно водено од 1996 година првиот број во 1996 година до 41. број во 2913 година.

**Основач на невладино здружение на граѓани Центар за археолошки истражувања Скопје**

Основач и претседател на НВО Центар за археолошки истражувања Скопје, невладина, непрофитна организација за грижа, заштита, истражување, афирмација и презентација на културното и археолошко наследство на Република Македонија. ЦАИ Скопје е основана на 26. 08. 1998 година, а судски регистрирана на 08.12.1998 година (Програма во Библиографија на В.Л.А. број 92-93). Првата поддршка – донација ја доби од господин Трифун Костовски, кој широкоградо подари теренско возило ЛАДА-НИВА во 2000 година, со кое В. Л. Адамс истражуваше активно до 2017 година.

**Научни истражувања и студии на теми:**

**Античка градежна керамика**

Од истражувањата на античките керамички градежни елементи произлезе магистерскиот труд на професор д-р Виктор Лилчиќ Адамс: **Античка градежна керамика во Република Македонија, Скупи, Стоби, Хераклеја и Стибера**, одбранет на 09. 06. 1986 година на Филозофскиот факултет во Скопје, пред комисијата: проф. д-р Блага Алексова, проф. д-р Иван Микулчиќ и проф. д-р Вера Битракова Грозданова, публикуван во 1986 година.

Во студијата ги проследува: развојот на различните типови и специфични форми градежна керамика кај старите народи на Блискиот Исток, во Егеја, Хелада и Италија, потоа преглед на овој материјал кај нас, идентификување на формите, типовите и стандардите во нашите римски градски центри. Одбрани се и обработени околу 2000 примероци од 20 добро датирани антички градби и повеќе десетина сепулкрални целини, напоредно со изворните примероци и добиени одредени метрички, типолошки и други податоци, временски параметри, стандарди и отстапувања. Освен тоа, проследени се и оценети општите карактеристики на ѕидаријата, ѕиданите слогови, материјалот и квалитетот на ѕидањето во првите векови од новата ера во градовите Скупи, Стоби, Хераклеја и Стибера, средишта на античката цивилизација на територијата на Република Македонија.

**Гробни и надгробни елементи од раниот римски царски период и од раното христијанство**

Виктор Лилчиќ Адамс ги истражувал ранохристијанските засводени гробници, како и гробниците и надгробните камени елементи од ранoримскиот царски период на територијата на Република Македонија.

**Камена архитектонска пластика**

Виктор Л. Адамс започнал да ги истражува камените архитектонски елементи во 1983 година преку ранохристијанските камени елементи во Средното Повардарие, но и конструктивните елементи од храмовите и херооните кај селата Тремник и Барово. Во 1990 година одлучува да ја следи оваа материја на целата територија на Република Македонија. Так тој на 16. 03. 1990 година започнува интензивни теренски истражувања до 1999 година, кога во летните месеци ја финализира својата докторска дисертација, предавајќи ја на Белградскиот универзитет на 10. 09. 1999 година. Успешно ја брани на 08. 06. 2000 година пред комисијата: проф. д-р Александрина Цермановиќ Кузмановиќ (ментор), проф. др Александар Јовановиќ, проф. д-р Иван Ѓорѓевиќ и проф. д-р Сташа Бабиќ. Докторската диплома е нострифицирана на Филозофскиот факултет во Скопје со усвојување на Извештајот од страна на акад. Проф. д-р Вера Битракова Грозданова, проф. д-р Елица Манева и проф. д-р Коста Аџиевски.

Во рамките на оваа тема, Виктор Лилчиќ Адамс посетил, истражувал и документирал голем број локалитети. Публикувал голем број научни статии, а како врвен резултат произлезе неговиот монументален корпус на овој високо репрезентативен и ценет материјал од територијата на Република Македонија. Тоа беше неговата двотомна студија **Архитектонска камена пластика во Република Македонија од I до VI век н.е.**, под насловот **Македонскиот камен за боговите, христијаните и за живот по животот**. На импресивните 1126 страници, три карти на Република Македонија, 6 табли графичка презентација на типолошката еволуција на камените архитектонски елементи (А3 формат), тој го обелодени енормно богатиот и атрактивен македонски културен трезор со архитектонските камени елементи на територијата на Република Македонија од трите периоди на античката епоха: раната антика, раноцарскиот римски период и доцноцарскиот римски период.

**Ранохристијански базилики**

В. Л. Адамс, вредно истражувајќи ги архитектонските камени елементи од големиот број ранохристијански базилики, на теренот и особено во кабинетски – студиски услови, напиша голем број статии. Тој го надмина, сепак, прагот на документарност со тоа што реши да побара соодветни толкувања за објаснува-

њето, осознавањето на микрокосмосот на ранохристијанскиот храм покрај археологијата и во искуствата и трезорите на научните дисциплини како христијанската литургија, историјата на уметност, симболиката и други. Па така, конечно во 2003 година ја создаде капиталната студија **Ранохристијанска црква**, Скопје 2003, 1-268, што нешто подоцна ја публикува и на англиски јазик под насловот **Early Christian Cosmos**, Skopje 2007. В. Л. Адамс успеал во овие две студии, компарирајќи ги сознанијата, да дојде до конкретни толкувања на формите на недвижната и движната материјална култура, поконкретно ги објасни идејата и значењето на плановите и елевациските делови на раните христијански базилики во контекстите на имагинацијата на древните жители од тоа време за поредокот на нивното земно, небесно и водено опкружување.

**Античка нумизматика**

В. Л. Адамс се занимава со античката нумизматика уште од 1990 година. Тој ги истражувал и елаборирал доцноантичките и рановизантиските монети, откриени на повеќе стари тврдини. Но и во рамките на раноантичката нумизматика се занимавал со проблемот на монетите со натписот ПАЈОНОН, потоа со новооткриениот тип монета на историски непознатиот владетел Теутај, како и со голем број монети на македонските кралеви и раните антички градови Пела, Тесалоника, Амфипол и други.

**Убикации на антички и средновековни градови и тврдини**

1. Хипотеза за убикација на **Пелагонија**, главниот град на кралството Пелагонија на комплексот археолошки локалитети Висока, Старо Бонче и Павла Чука кај прилепските села Бонче, Крушевица, Подмол и Лопатица (Библиографија на В.Л.А., броеви: 131-132, 134-137, 145, 156, 187-188, 194).

2. Хипотеза за убикација на **Линк**, главниот град на кралството Линкестида, на локалитетот Градиште село Црнобуки, Битолско (Библиографија на В.Л.А., броеви: 163, 168).

3. Хипотеза за убикација на **Алмана**, антички пајонски град на реката Аксиј, на локалитетот Градиште село Кочилари, општина Градско (Библиографија на В.Л.А., броеви: 160, 170-171).

4. Хипотеза за убикација на **Достонеи**, антички пелагонски град во Мариово, на локалитетот Манастир Св. Илија, во мариовското село Пештани, општина Прилеп (Библиографија на В.Л.А., броеви: 128-129, 145).

5. Хипотеза за убикација на **Гаваларион**, средновековен град во Демирхисарскиот крај, заземен од страна на византискиот цар Андроник III Палеолог во година во рамките на неговиот поход против Србите од градот Буцинон кон гра-

дот Деврец. На локалитетот Големо Кале село Лопатица, општина Битола. Види Библиографија, броеви 176, 177.

6. Хипотеза за убикација на **Транупара**, (град) од Појтингеровата Карта на Дијагоналниот пат од Стоби за Пауталија (Ќустендил), (Библиографија на В.Л.А., број: 47).

7. Хипотеза за убикација на **Ускана**, главниот град на Пенестија (Библиографија на В.Л.А., броеви: 105, 106).

8. Анектирањето на античкото **кралство Пајонија** и претворање во македонска област - **Стратегија Пајонија**, од страната на македонскиот крал Филип V (Библиографија на В.Л.А., броеви: 174-175, 180, 186).

9. Хипотеза за убикација на fauces Pelagoniae од T. Livy (Библиографија на В.Л.А., број: 73-74).

**Истражувања на античките патишта на територијата на Република Македонија**

1. Реконструкција на маршот на Александар III Македонски во 335 г.пред н.е. (Библиографија на В.Л.А., број: 189).

2. Егнатискиот пат – Via Egnatia (Библиографија на В.Л.А., броеви: 49, 157, 169, 172).

3. Дијагоналниот пат – Via Diagonalis, Вардарскиот пат – Via Axia и други антички патишта во римско време (Библиографија на В.Л.А., број: 49).

4. Реконструкција на античкиот пат од Аударист за Неапол (Библиографија на В.Л.А., броеви: 133, 138, 139).

**Истражување на рановизантискиот телеграф во Република Македонија**

1. Централен Повардарски сигнален систем (Библиографија на В.Л.А., броеви 190, 193).

2. Западен систем од Давина Кула, Кале Барово, Кале Лениште Дебреште за Маркови Кули Варош (Библиографија на В.Л.А., број: 197).

3. Сигнална врска Клепа, Двориште – Маркови Кули Варош.

4. Сигналните врски: Клепа – Видим, Куклица – Здравчи Камен Шлегово и Клепа – Црни Врв село Калапетровци (во подготовка и делумно бр. 161).

**Полеогенеза во Република Македонија**

Интересот за античкото кралство Македонија, В. Л. Адамс го покажува за прв пат во историско-нумизматичката студија „Кралевите на античка Македонија и нивните монети во Република Македонија“ (како коавтор на Никола Шелдаров), Скопје 1994 година. Подоцна, во 1997 година ги публикува резултатите од своите истражувања на северната граница на кралството Македонија во списа-

нието Макдонско наследство бр. 4, како и резултатите од истражувњата на воениот поход на последниот македонски крал Персеј на пенестинскиот град Ускана во Македонско наследство бр. 14 во 2000 година. Во 2004 година го покрена научноистражувачкиот проект „Античкото кралство Македонија во Република Македонија“, при што елаборатот за реализацијата на Проектот го публикува во Македонско наследство бр. 23 во Скопје во 2004 година.

Раноантичкиот културен хоризонт на кралството Македонија не претставува главен научен интерес на В. Л. Адамс, туку е тоа полеогенезата на територијата на Република Македонија. Сепак, истражувајќи ги доцноантичките фортификации, нумизматичкиот материјал, камената архитектонска пластика, паралелно ги истражува и ги документира и старомакедонските утврдувања. Токму поради тоа, а и поради отворениот проблем околу прашањето до каде на север се протегало античкото кралство Македонија, тој одлучува, ограничено да се зафати со оваа тема во наредните години. Така го реализира проектот преку кој успева со тимска работа да собере околу 500 монети на античките македонски кралеви, депонирани во Самостојната музејска збирка во состав на Филозофскиот факултет во Скопје. Резултатите од овие обемни и студиозни истражувања В. Л. Адамс ги публикува во повеќе статии (види Библиографија, броеви: 105, 106, 121, 122, 128, 129, 145, 153, 154, 159, 174, 175, 160, 180, 186) и прелиминарната студија бр. 189, The ancient Kingdom of Macedonia and the Republic of Macedonia, ed. Cultural Heritage Protection Office, Skopje 2015, 1-84 (со коавторите И. Ширтовски, В. Атанасов, В. Симоновски и Ф. Ациевски).

Од студентските денови, од 1975 година, В. Л. Адамс особено интензивно се интересира и работи на теренските истражувања најпрво придружувајќи го неговиот професор во тоа време И. Микулчиќ, главно во рамките на проектите на Филозофскиот факултет, Скопје: „Стари градови и тврдини во Средното Повардарје“ и „Средновековни градови и тврдини во Република Македонија“, некаде до 1993 година, а подоцна во рамките на проектот „Доцноантички комуникации и пунктови во Република Македонија“ (ИНИ Скопје, 1996-1998 год.) во плодна соработка со раководителот на Проектот проф. д-р Коста Аџиевски. Во 1998 година ја основа НВО Центар за археолошки истражувања преку кој со елаборатот за реализација на проектот „Protection and safeguarding of the Cultural Heritage in the Republic of Macedonia“, CAR, Skopje 1999, 1-100 pp., проект што не успева да добие средства. Меѓутоа, овој елаборат претставува јадро и основен орбис околу кој В. Л. Адамс продолжува да дејствува во наредните години, особено по докторирањето во 2000 година. Тука ќе одбележам дека В. Л. Адамсен во ниту еден момент не подзапре со интензивните теренски истражувања на старите градови и тврдини и тоа од првиот момент кога пролетта 1975 година за прв пат се искачил на Кула над скопското село Булачани на Скопска Црна Гора, па до, еве да

launch

речеме 04. 11. 2018 година кога го изнесе од анонимноста железнодобното гратче на локалитетот Мала Костеница, Аљинце, потполно непознато во литературата. Резултатот е навистина импресивен. Ако до 2002 година македонското археолошко семејство познаваше околу 500 фортифицирани градови и утврдувања, тој оваа бројка ја зголеми двојно. Неговиот личен список во 2012 година бележи 1020 локалитети од кои дел се индикативни. Во периодот од 2012-2018 година, тој ги исфрли од списокот прелиминарно некои нереални според неговите опсервации локалитети, внесени според топонимот Кула и некои други од топографските секции и истакна околу 900 локалитети. Иако тој милува да каже дека вкупната бројка на древни градови и тврдини во Република Македонија несомнено е над 1000, имајќи предвид дека големи делови се покриени со високи шуми, а неговите специјално обучувани од него тимови катагодишно откриваат по една или повеќе потполно непознати фортификации. Тој посветено и упорно истражуваше регион по регион и дојде до импресивната бројка од 95 % посетеност на старите градови и тврдини. Денес тој истакнува листа од околу 100 локалитети со кои ќе се доближи речиси до комплетирање на сите цивилизациски пунктови на територијата на Република Македонија, иако многупати знае да рече дека, колку што се доближува до финалето, постојано секоја година се појавуваат нови и непознати градови и утврдувања дури и од прва категорија, коишто не биле никаде регистрирани.

В. Л. Адамс практично успеа со импресивни физички и умствени научноистражувачки залагања да реализира лична истражувачка опсервација врз речиси сите македонски фортифицирани локалитети и да изработи најобемна текстуална, фото и техничка документација за нив.

Постепено, но упорно ја надградуваше нучноистражувачката методологија во теренските и кабинетски истражувања, при што во последните години започна да изработува георференцирани планиметрии на локалитетите во координатен систем од ознаки по хоризонтала и вертикала на 50, поретко 100 метри. Ваквиот пристап овозможува документ со широка примена, пред сè за изградба на Археолошкиот катастар на Република Македонија, но и како значајна поддршка во заштитата на локалитетите, како и за археолошко-туристичките потреби.

Негова цел е сиот овој материјал да го обнароди во рамките на единствен Корпус на старите градови и тврдини во Република Македонија. Според првобитната идеја материјалот би го следел хронолошкиот редослед, со пишување и публикување на првите десетина томови, посветени на епохата на раната антика, за да уследат десетина томови, посветени на доцноантичката епоха. Според тоа, започна во 2009 година кога го публикуваше првиот том од Корпусот под наслов „Линкестида и Девриоп“, изд. Македонска Цивилизација, Скопје 2009, 1-232. Веќе следната година продолжува со регионот на раното античко

кралство Пелагонија, но, за жал, поради недоволните средства за печатењето на едицијата, како и потребата од теренските доистражувања на оваа благородна материја, Проектот подзабави во наредните години. Во 2013 година откако беше избран за директор на Управата за заштита на културното наследство, па сѐ до 2017 година и неговите теренски истражувања ретерираа со процентуално намалување на годишен план.

Во периодот од 2015-2016 год. Виктор Л. Адамс ја напиша студијата за античките градови и утврдувања во регионот на Скопје (Библиографија на В.Л.А., бр. 198, импресивни 160 страници, во печат).

Нема да се погреши ако се истакне дека врвниот животен проект на проф. д-р Виктор Лилчиќ Адамс претставува Корпусот на старите градови и тврдини на територијата на Република Македонија.